**Проект: „Управување на растителната генетска разновидност (ПГР) за храна и земјоделство во Република Северна Македонија“** поддржан од Швајцарската Фондација Проспециерара, имплеметиран од Здружение на граѓани „ФАБИА ЦСБ“ Богданци

Учество на Земјоделски факултет, УГД – Штип врз основа на Договор за деловно-техничка и стручна соработка 0307-108/1 од 06.05.2019

**Предвидени и реализирани активности во проектот во соработка со Земјоделски факултет, УГД - Штип:**

- Назначување на претставник (одговорно лице) од научниот сектор од страна на Универзитетот ,,Гоце Делчев,, Штип, кој ќе има задача да ги претставува интересите на научниот сектор, да го информира научниот сектор за активностите од проектот и да ги контактира членовите/сојузници од научните установи.
- Воспоставување на соработка за постигнување на win-win situation за двете страни - формалниот и неформалниот сектор и / или научната и практичната страна.
- Учество во работни групи организирани од страна на проектот за:
  - креирање на активности за одржливо користење на ПГР.
  - креирање на курсеви за значењето на ПГР.
  - организирање на пристап до ПГР за македонските граѓани.
  - креирање на работен план за одржливост на ПГР.
  - креирање на план за обновување на ПГР.
  - одржување на работилници од јавен карактер.
  - креирање на работен план за промоција на ПГР.
- Обновување на ПГР со цел негово промовирање во јавноста спроведени во две насоки (економски и загрозени ПГР).
  - Креирање на листа од заеднички интерест кои ќе бидат предмет на обновување и истражување.
  - Воспоставување на демонстрациона градина во склоп на факултетот за обновување на претходно договорената листа на вариетети.
  - Добивање и користење на умноженото семе за целите на проектот.
  - Општ опис на претходно утврдени вариетети кои ќе бидат цел на опишување за научни цели кои ќе ги користи невладиниот и владиниот сектор за свои цели.

**Реализација на проектот: мај 2019 – мај 2022**